Комора на проценувачи на Р. Северна Македонија
Ул. Македонија бр. 47/2, 1000 Скопје
Сметка 300000003545580 Комерцијална банка
Даночен број: 4057013520328
Тел: 02 3151477, 072 251 407, 072 251 408
Email: info@komoranaprocenuvaci.mk
contact@komoranaprocenvaci.mk
web: www.komoranaprocenuvaci.mk

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОСЕТУВАЊЕ КОНТИНУИРАНИ ОБУКИ**

Почитувани,

Согласно член 26 од Закон за процена (Службен весник бр. 115/2010, 158/2011; 185/2011; 51/2012; 64/2012; 188/2014; 104/2015; 153/2015; 192/2015; 30/2016), задолжително е посетување на обука за континуирано усовршување од страна на проценувачите.

Согласно член 26 став 5 од Законот за процена, непосетувањето на обука се смета за дисциплински престап кој според член 43 став 2 и став 6 од Законот се казнува со дициплинска мерка парична казна во висина од две просечни месечни бруто плати исплатени во Република Северна Македонија во последните 3 месеци.

Од тие причини Ве известуваме дека доколку се немате стекнато со потребните 20 КПУ бодови за 2023 година, како би можеле да ги исполните своите законски обврски како проценувач, потребно е да ги прегледате снимките од предавањата на одржаните обуки за континуирано усовршување одржани во 2023 година.

За да добиете пристап до предавањата потребно е да испратите барање на една од емаил адресите info@komoranaprocenuvaci.mk или contact@komoranaprocenuvaci.mk со Ваши податоци (име и презиме, име на фирма, за колку и кои лица плаќате, нивни емаил адреси и за кои обуки се пријавувате), по што ќе Ви биде испратена фактура за плаќање и по направената уплата посочените лица ќе ги добијат предавањата на наведените емаил адреси.

Цената за прегледување на снимките од предавањата изнесува 4.000,00 денари поединечно по обука (обука во мај 2023 година - 16 КПУ бодови и обука во ноември 2023 година - 8 КПУ бодови).

За да Ви излеземе во пресрет, Ви даваме рок најдоцна до 15.03.2024 година, да се обратите во комората и да ја завршите оваа Ваша обврска за КПУ за 2023 година.

Комора на проценувачи на Р. Северна Македонија
Ул. Македонија бр. 47/2, 1000 Скопје
Сметка 300000003545580 Комерцијална банка
Даночен број: 4057013520328
Тел: 02 3151477, 072 251 407, 072 251 408
Email: info@komoranaprocenuvaci.mk
contact@komoranaprocenvaci.mk
web: www.komoranaprocenuvaci.mk

Ве молиме овој допис да го сметате како последна опомена, затоа што после изминување на рокот Комората на проценувачи ќе постапи согласно законските обврски и сите казни и последици кои ќе ги имате ќе бидат на Ваш товар.

Со почит,

Во име на УО на Комората на проценувачи
Претседател
М-р Валентина Младеновска